ЛЕТО 2008 □ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## ЕДЕН МИЛИОН ЖИТЕЛИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ЈИЕ ИМААТ ПРИДОБИВКА ОД ПРОЕКТОТ НА РЕЦ

Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) обезбеди средства за Регионалниот центар за заштита на животната средина за спроведување на проектот “Поддршка и развивање на локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП)” во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано од UNHCR 1244). Целта на проектот е пружање на финансиска поддршка на 20 општини од наведените земји, при развивањето на нивните ЛЕАПи. По процесот на селекција, следниве општини добија финансиска поддршка:

Босна и Херцеговина: Нови Травник, Јајце, Варес, Котор Варош и Прњавор; Косово: Гнилање, Ѓаковица, Пеќ, Урошевац и Клина; Македонија: Пробиштип, Дебар, Зелениково, Босилово, Валандово и Чашка; Србија: Врњачка Бања, Трстеник, Ќуприја и Велика Плана.

Се очекува еден милион луѓе од избраните општини да имаат придобивка од планираните активности како и директни инвестиции во висина од 1.5 милиони евра наменети за спроведу вање на еден од приоритетите во општините.

11ти СОСТАНОК НА ЕМАГ — стр. 3

SECTOR - ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ — стр. 4

”ЗЕЛЕН ПАКЕТ” - ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ — стр. 7

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ”НЕИС” — стр. 8

ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ”ЛЕАП” — стр. 10

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ОПШТИНА САРАЈ

РЕЦ изработува Локален план за заштита на животната средина во општина Сарај во рамките на Програмата за инвестиции на Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот отпочна кон крајот на 2007 година а ќе биде завршен во летото 2008 год.

Општина Сарај е општина во состав на Градот Скопје и како таква има бројни специфики што, од една страна, обезбедуваат услови за брз и непречен развој, но од друга страна создаваат бројни ограничувања за општината, заради тоа што голем дел од надлежностите од областа на животната средина се во рацете на градските власти. Овие специфики беа земени предвид при анализата на состојбите со животната средина како еден комплекс од еколошки, технички и институционални капацитети и потенцијали.

Во текот на спроведувањето на ЛЕАП се изврши анкета на јавното мислење за проблемите во животната средина. Спрема искажувањата на жителите на општината, најгорливи се проблемите со отпадните води и цврстиот отпад.

Општина Сарај согласно Методологијата за изработка на ЛЕАП обезбеди безрезервна поддршка и преку работата а соодветните работни групи даде голем придонес при утврдувањето на приоритните проблеми во животната средина. Меѓутоа, кога се дефинираа планските мерки, се утврди дека покрај финансиските проблеми со кои се соочува општината при инвестирањето во инфраструктура со цел подобрување на состојбите со отпадните води, присутен е и проблемот со капацитетот за одржување на мрежите што би се изградиле. Овој проблем не е карактеристичен само за оваа општина и претставува генерален проблем во државата што е неопходно да биде решаван на системски начин.

Со оглед на географската положба на општината и локацијата на изворот Рашче на нејзина територија од неопходна важност е животната средина да добие значаен третман, не само од страна на локалните власти, туку и од централната власт. Покрај застапеноста на изворот Рашче, општината е особена и заради природните вредности на кањонот Матка, како и заради потенцијалите на спортско-рекреативните центри Треска и Сарај.

Документот ЛЕАП е подготвен во нацрт фаза и доставен за разгледување од страна на општината. Се очекува негово усвојување во наредниот период од страна на Советот на општината.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** ДИ-ЦЕЈ
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# 11ти СОСТАНОК НА СОВЕТОДАВНАТА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА (ЕМАГ)

Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ) го одржа својот единаесетти квартален состанок и инспекција на терен во периодот од 4-5 јуни, 2008 год. За потсетување, ЕМАГ ги претставува локалните заедници по должина на обиколницата НВО од обласа на животната средина и владините институции, МТВ и ФМРП. ТЕРНА и ГИМ се исто така поканети да учествуваат на состаноците на ЕМАГ како набљудувачи, но и да даваат одговори на прашањата кои произлегуваат за време на работат на групата. За време на последните состаноци и посет на терен, подолу спомenатите прашања беа дискутирани на кои ЕМАГ работи, во соработка со ТЕРНА, ГИМ и ФМРП.

Статус на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторинг на спроведувањето на Планот за управување со животната средина за време на изградбата на обиколницата. Работите за изградба на автопатот се планира да бидат завршени најрано во јули и потоа комисијата за технички прием (КТП) ќе ја спорведе инспекцијата на терен. Се очекува техничкиот прием да биде реализиран во периодот од јули - септември 2008 год. И покрај тоа што првата фаза е сеуште во изградба, сепак можно е Фондот за магистрални и регионални патишта да пушти во употреба еден дел од втората фаза на трасата кој ќе биде завршен во текот на месец јули. За време на состаноците и посетата на терен беше утврден следниот напредок во однос на спроведувањето на мерките од Планот за управување со животната средина и мониторинг мерките на скопската обиколница:

- Целокупните проблеми со лизгање на земјиштето се решени, мерките за ревегетација, пошумување и засадување се завршени;
- Чистењето на одводниот канал во с. Кондово е скоро завршено;
- Спроведување на мерките за контрола на ерозија кај речното корито на река Лепенец е одложено за краток период, поради високиот водостој и ова ќе биде завршено веднаш по повлекувањето на водата;
- Поголем број од маслофаќачите се поставени, предлозите за одводнување на мостовите се доставени за одобрување до надзорот;
- Дополнително мерење на емисиите од асфалтната база е реализирано и резултатите од мерењето ги задоволуваат законските прописи и стандарди;
- Поставувањето на звучни ѕидови е во тек и двата типа на звучни ѕидови и алуминиумски и поликарбонатни ќе бидат поставени до крајот на јуни.
- Сите подземни премини за водоземци се поставени.

Вториот ден од мисијата на мониторот за животна средина беше посветен на состанокот за Подготовка на планот за спречување на загадувањето од инциденти за оперативниот период. Беше договорено дека планот ќе биде подготвен во драфт верзија до следната мисија на ЕМАГ. На вториот состанок на работната група беше присутен и нов член од Министерството за внатрешни работи, сектор за сообраќајни работи, кој даде свој придонес во работата како и останатите членови од различните институции како што се: Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Дирекцијата за заштита и спасување, како и Фондот за магистални и региопнални патишта.



11ти состанок на ЕМАГ

Следниот состанок на ЕМАГ е прелиминарно закажан за периодот од 3-4 септември 2008 год.

Лице за контакт:
**Марина Орцанова**
*Технички секретар*
marina@rec.org.mk

# ИЗБРАНИ 8 ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија продолжува со активности предвидени со компонентата за поддршка на проекти од програмата SECTOR.

Во текот на изминатиов период, поточно од јануари до мај 2008 год. во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија од 15 селектирани концепти од страна на ЛСО, 13 граѓански здрженија развија комплетни предлог проекти.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го организира состанокот за оценување на 22 еврури 2008 година. Петте члена на Локалниот Советодавен Одбор имаа пред себе многу тешка задача. По деталното разгледување и поединечна дискусија за сите предлог проекти, од доставените 13 апликации, беа селектирани вкупно 8 предлог проекти.

Резултатите од селекцијата се испратија до Главната Канцеларија на РЕЦ, во Сентендре, која ги достави резултатите до Sida за нивно финално одобрување. Според одлуката на донаторот донесена во јуни 2008 година, следниве ГЗ добија целосна финансиска поддршка за понатамошно спроведување на предложените проекти:

1. “Еко парк”;
Зелена Арка од Скопје;

2. “Од дива депонија до детско игралиште”;
Здружение за заштита на природата и развој на демократијата Осогово, Крива Паланка;

3. “Автобуски постојки”;
Еколошко Друштво БРИЦА, Берово;

4. “Користење на природата за развој на туризмот”;
ИО Крсте Јон, Струга;

5. “Осогово чисто”;
Граѓански комитет за развој, Пробиштип;

6. “Искористување на сончевата енергија преку инсталирање на соларни колектори во градинката Раде Јовчевски - Корчагин”;
Македонско здружение за заштита при работа, Скопје;



Состанок на “победниците”



Потпишување на договор

7. “Заедно за почиста општина”;
ИО Гоце Делчев, Свети Николе

8. “И ние Ромите сакаме здрава животна средина”.
Здружение на граѓани Роми АВЕНА, Кочани

Вкупната вредност на проектите во првиот круг на националните грантови кои што ќе добијат финансиска поддршка изнесува 75.000,00 Евра.

На 06.06.2008 год. во просториите на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се одржа Состанокот за Добитниците на Грантови. За таа цел беа поканети Координаторите на проектите како и правните претставници од ГЗ. Покрај свеченото потпишување на договорите, на состанокот повторно беа презентирани основните принципи и условите за финансиска поддршка на проекти. Исто така, секој од учесниците изврши презентација на својот проект со цел подобро запознавање со проектните активности и на организациите меѓу себе.
На состанокот Граѓанските здруженија беа запознаени и со идните напатствија при подготовка на описниот и финансискиот извештај за проектите.

## *ТРЕТ КРУГ НА НАЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ*

Регионалниот центар за заштита на животната средина со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida), го најавува и третиот (последен) круг за финансиска поддршка на предлог проекти на Граѓански Здруженија (ГЗ) во врска со урбаната животна средина и одржливиот развој во регионот на Западен Балкан.

Вкупната сума која е на располагање и за овој повик е 70.000 Евра.

Доделувањето на грантови како при првиот и вториот круг, ќе ги идентификува и поддржи националните проекти иницирани од здруженијата на граѓани, во промовирање на одржливиот урбан развој во Македонија. Националните грантови изнесуваат до 10,000 Евра секој.

Селекциониот процес ќе се одвива од септември 2008 до јануари 2009 година. Предлог проектите ќе ги оценува Локалниот Советодавен Одбор на Канцеларија на РЕЦ во земјата. Најдобрите предлози ќе бидат избрани на состанокот за оценување во ноември 2008 год. според критериумите за селекција. Резултатите од селекцијата ќе се испратат до Главната Канцеларија на РЕЦ, во Сентендре, до крајот на декември 2008 год, која ќе ги достави резултатите до Sida за нивно финално одобрување во јануари 2009 година.

Спроведувањетоа на проектите ќе трае 12 месеци од јануари 2009 до јануари 2010 година.

За повеќе информации за оваа грант програма, заинтересираните страни можат да ја посетат веб-страната на главната канцеларија на РЕЦ: http://www.rec.org/sector/support/nationalgrants.html;

## *Компонента 3:*

**Помош и обука за воспоставување мрежи**

Во период од 19-23 мај 2008 година во Охрид, во хотел Гранит се одржа петдневна обука за градење капацитеттите на ГЗ кои се активни во полето на урбаната одржливост, а се стремат кон давање одговор на две прашања: „Која е мојата улога во спроведувањето на промените и еколошките акции? Како можам да направам нешто?”
Модули на обуката се прилагодени на условите во Република Македонија и градат знаење и вештини за „Како да...” успешно се оствари:

- Правен ресурс/поддршка;
- Лобирање;
- Надгледување на власта и индустријата;
- Учество на јавноста; и
- Ефективна комуникација и пристап до јавноста.



Учесници на обуката



Тема: надгледување на власта

Секој модул траеше 1 ден. Учесниците ги споделија своите искуства и добија сертификат за завршена обука. Бидејќи програмата става акцент и на теоретското и на практичното учење, опфати по двајца поедници од секоја организација.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
*Асистент на проекти*
valentina@rec.org.mk

## ПРОЕКТ: ЗАШТИТА НА СТРОГИОТ ПРИРОДЕН РЕЗЕРВАТ ЕЗЕРАНИ

УНДП поддржува проект за ревалоризација на заштитеното подрачје Строг природен резерват Езерани кој се спроведува од страна на БиоЕко и Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Основна цел на проектот е да направи детелно снимање на состојбата на екосистемот во заштитеното подрачје и да ги утврди ризиците за одржување на неговиот интегритет. Како можни ризици до сега се утврдени навлегувањето на јаболкови насади во заштитеното подрачје, недозволениот лов и риболов, експлоатацијата на чакал и песок на устието на Голема Река и несоодветното постапување со цврст отпад.

Во конзорциумот РЕЦ има задача да ги покрие социо-економските аспекти на заштитата на резерватот. За таа цел без направени анализи на официјалните статистички податоци и без подготвени прашалници со цел да се спроведе анкета за јавното мислење во однос на заштитата на локалитетот Езерани. Анкетата ќе се спроведе во текот на последната недела на месец јули.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

# ЗЕЛЕН ПАКЕТ- ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на проектот "Зелен Пакет" - еколошко образование за одржлив развој за основните училишта во Република Македонија", започна третата и последна фаза од спроведувањето на проектот, фазата на одржување на обуки за наставнивите од основните училишта во земјата. На обуката е поканет по еден наставник по биологија или географија од секое основно училиште во Македонија, од вкупно 350 училишта. Наставниците ќе бидат обучувани како да го користат пакетот како алатка за приближување на концептот за одржлив развој на учениците и како да го искористат максимално потенцијалот на Зелениот пакет со комбинирање на сите структурни делови, учебникот, дилема играта, ЦД РОМ-от и ДВД колекцијата на филмови.

Со цел да се обезбеди квалитетна обука на 9 и 10 јуни беше организирана работилница за обучување на обучувачи кои што понатаму ќе го пренесат своето знаење на наставниците. Обучувачите се советници од Бирото за развој на образованието, наставници што работеа на адаптацијата на Зелениот пакет, едукатори и претставници на граѓански здруженија.

Обуките за наставниците ќе се одржат од 20 до 28 август, 2008г. во хотел „Инекс" Горица во Охрид, со одреден распоред на училиштата поделени во групи по региони. Списокот со пријавени наставници и датумите за кои истите се предвидени за обука може да се најде на нашата веб страница, на линкот http://www.rec.org.mk/Proekti/Green%20Pack/Obuka%20za%20nastavnicite.htm

На обуката секој од наставниците ќе се задолжи со одреден број пакети (од 2 до 4 во зависност од бројот на паралелките) за соодветното училиште со тоа ќе се овозможи негова примена со започнувањето на новата учебна година.

Проектот ќе трае до крајот на септември, 2008г. Директни корисници на проектот се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука во Република Македонија а имплементирачка агенција на проектот е Регионалниот центар за заштита на животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија. Донатор на проектот е Австриската Влада преку Austrian Development Cooperation.



Охрид 9-10 јуни обука за обучувачи



Презентација на учебникот

За сите дополнителни информации во врска со проектот можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
kornelija@rec.org.mk

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во изминатиот период проектниот тим имаше интензивна комуникација со надлежните служби на министерствата кои што се вклучени во спроведувањето на инвестиции во животната средина. Средбите делумно се одвиваа формално, преку одржување на состаноците на Единицата за координирање на проектот, а исто така се организираа неформални средби, пред се со Министерствата за животна средина и просторно планирање, финансии и транспорт и врски. Истовремено, се организираа 8 регионални средби со општините во Скопје, Куманово, Тетово, Прилеп, Штип, Охрид, Струмица и Велес. Истите беа организирани како работилници на кои учествуваа припадните општини од планско-развојните региони кои се воспоставени согасно Законот за рамномерен регионален развој. Целта на работилниците беше да се запознаат општините со тековните и планираните активности во рамките на проектот и да се надополнат листите на инвестициони проекти идентификувани на национално ниво со проекти од локално значење. Резултатите од одржаните работилници беа мошне интересни. Уште еднаш се потврди дека органите на извршната власт при подготвувањето на програмите за инвестирање во животната средина недоволно комуницираат со општините. Од друга страна, локално идентифицираните проекти се секогаш резултат на недоволно стручно водено локално планирање, така што истите се наменети за решавање на помални горливи проблеми и многу ретко се применува пристапот за фазно решавање на глобални проблеми во животната средина. Исто така соработката помеѓу општините со цел дефинирање на поголеми регионални проекти е отежната од низа субјективни и објективни причини.



Од регионалната средба одржана во Велес

На средбите со министерствата пак, се утврдуваше обемот на финансиски средства што на годишно ниво може да се стави на располагање за идните инвестиции од различни извори, пред се од ИПА и од националниот буџет. Тргнувајќи од овој податок, се утврдија листи на проекти за секој од приоритетните сектори: води, отпад, ИСКЗ, воздух, природа и заштита на климата, како комбинација од проектите идентификувани на национално и локално ниво.



Од регионалната средба одржана во Штип

Стратегијата утврдува два начини за спроведување на проектите: почитување на редоследот на рангирани листи (за секторите води, природа, индустриски жаришта, воздух, заштита на климата), додека за останатите сектори ќе се отвараат јавни повици за доставување на

апликации од страна на корисниците на проекти. Така во секторот отпад се предвидува да се поканат 8-те планско-развојни региони да аплицираат за средства, доколку претходно се договорат припадните општини околу меѓусебната соработка и во однос на идната локација на регионалната санитарна депонија.

Принципот на доделувањето на средства е поврзан со усогласување на апликантите со определени услови. Условеноста се смета како двигател на промени, кои секако ќе мораат да се прават пред се во комуналната сфера, а во врска со зголемувањето на ефикасноста на комуналните претпријатија и степенот на наплата.

Страгегијата е во завршна фаза и веќе се утврдени проектите што оптимално би мкожеле да се спроведат во периодот 2009-2013 година. Исто така со Стратегијата се предлага зајакнување на службите што се вклучени во процесот на подготвување на проекти и нивно спроведување. Институционалниот модел сеуште се договара, бидејќи проектниот тим предлага воспоставување на сосема ново тело кое ќе ги координира надлежните министерства. Долгорочно ова тело би можело да се трансформира во Агенција што би била одговорна за спроведување на проекти финансирани од страна на структурните и кохезионите фондови, кога Македонија би станала полноправна членка на ЕУ.



Од регионалната средба одржана во Струмица



Од регионалната средба одржана во Куманово

Стратегијата ќе биде подготвена во нацрт фаза во месец цептември 2008. Се планира одржување на неколку округли маси со цел доближување на стратешките определби на овој документ до јавноста и општествените чинители, пред тој да се достави до Владата на усвојување.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

## ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА ВО ЈИЕ

Општините Пробиштип, Дебар, Зелениково, Чашка, Босилово и Валандово, ќе добијат финансиска помош за изготвување на Локален Акционен План за Животна Средина според современа методологија. Постапката за изработување на ЛЕАП ќе се одвива во согласност со новите закони од областа на животната средина во Република Македонија и во иста линија со новиот Национален Еколошки Акционен План (НЕАП), со воведени еколошки индикатори за оцена на квалитетот на животната средина на локално ниво според стандардите на Европската Агенција за животна средина. Откако стратешките ЛЕАП документи ќе бидат усвоени од страна на Советите на општините, истите ќе можат да одберат приоритетни акции од планот со кои ќе аплицираат во т.н. имплементационен фонд. Паралелно со финансиската помош, поголем број претставници од корисничките општини ќе се стекнат со нови знаења од областа на животната средина, со што директно ќе се зајакнат локалните капацитети за планирање и управување со животната средина кои воедно се и нови надлежности на општините во процесот на децентрализација.

Свеченото потпишување на договорите со градоначалниците на корисничките општини се одржа на 9 април 2008 год, во хотелот "Инекс Горица" во Охрид. На потпишувањето на договорите свое обраќање имаше г. Daniel Asplund, кој ја изрази политичката поддршка на Кралството Шведска спрема Република Македонија, изнесе препораки за општините, а исто така ги образложи и приоритетните цели и активности на Sida во областа на животната средина.



Потпишување на договорот со градоначалникот на општина Чашка



Потпишување на договорот со градоначалникот на општина Валандово

Првиот семинар *"Почетни активности за изработка на ЛЕАП"* се одржа во хотелот "Инекс Горица" во Охрид, од 06 - 09 Мај 2008 год. На семинарот присуствуваа по 6 претставници од селектираните општини. Семинарот беше искористен за запознавање на претставниците на општините со активностите кои секоја општина треба да ги превземе заради започнување на изработката на ЛЕАП. При тоа беа дискутирани следните теми: Формирање на организациска структура за



Обука за 36 претставници од 6те општини

изработка на ЛЕАП, изработка на проценка на состојбата со животната средина во општината и изработка на план за вклучување на јавноста во процесот на изработка на ЛЕАП. По завршување на семинарот, секоја од општините треба да ги реализира подготвителните активности за изработка на ЛЕАП.



Сесија: оцена на состојбите во животната средина

Сите заинтересирани, подетални информации за проектот можат да добијат во Канцеларијата на РЕЦ.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
*Асистент на проекти*
valentina@rec.org.mk

## ДАТАБАЗА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНИТЕ

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го спроведува проектот Датабаза за состојбата на животната средина во општините преку Програмата на Министерството за животна средина и просторно планирање. Идејата за проектот произлезе од една претходна активност на РЕЦ, каде што при изработката на ЛЕАП-и во шест општини, се увиде потребата од структурирано и транспарентно собирање на податоци во насока на целисходно утврдување на приоритетните мерки за заштита на животната средина.

Во изминатиот период се направи детална анализа на низата на податоци што се потребни за да се утврди состојбата на животната средина на тероторијата на дадена општина. Се примени методологијата ДПСИР (Движечки сили, притисок, состојба, импликација, реакција) и се воспоставија матрици за секторите отпад, води, почва и користење на земјиштето, воздух и природа.

Системот на датабазата се интегрираше во софтверска апликација чија што прва пробна верзија се наоѓа на серверот на Министерството за животна средина и просторно планирање. Апликацијата ја изработува фирмата Форнет, која беше избрана на пат на јавен повик помеѓу четири доставени понуди.

Апликацијата е единствена од ваков вид во Македонија и во поширокото окружување. Истата има за цел да им олесни на општините да собираат податоци од постојните државни мониторинг мрежи и да ги интегрираат во еден логичен систем кој што овозможува да се донесуваат вистински одлуки во приоритетните области. Од друга страна, апликацијата воспоставува релации помеѓу параметрите на начин што преку вградени емпириски формули се овозможува да се генерираат количества на емисии и/или концентрации на загадувачки материи како амбиентни вредности во услови кога нема мониторинг за одредени области. Исто така со користењето на апликацијата општинските служби ќе можат да генерираат стандардизирани прашалници за загадувачите со цел воспоставување на соодветни локални катастри. Податоците од апликацијата ќе можат да се користат при пишување на извештаи.

Користењето на апликацијата ќе биде на доброволна основа и истата ќе биде достапна без надоместок.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество.Ориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*